Република Северна Македонија
**Влада на Република Северна Македонија**

НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ И БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ

# Национална стратегија за борба против тероризмот

## 2023-2027

Република Северна Македонија

**Влада на Република Северна Македонија**

НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ И БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ

# Национална стратегија за борба против тероризмот

## 2023-2027

# СОДРЖИНА

07 ТЕРМИНОЛОГИЈА
08 ПРЕДГОВОР
10 ВОВЕД
11 ВИЗИЈА
11 МИСИЈА
12 ПРОЦЕС НА ПОДГОТОВКА И СТРУКТУРА НА СТРАТЕГИЈАТА
13 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ
13 ВОДЕЧКИ ПРИНЦИПИ ЗА СНЕ И БПТ
16 ЗАЕДНИЧКИ ДВИГАТЕЛИ И ФАКТОРИ НА СНЕ И БПТ
17 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ЗА БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ
19 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1 – ПРЕВЕНЦИЈА
20 *Стратешка цел 1.1 – Превенирање на закани од тероризам*
21 *Стратешка цел 1.2 – Идентификување, следење и попречување на финансирање на тероризам*
21 *Стратешка цел 1.3 – Превенирање на радикализација*
23 *Стратешка цел 1.4 – Справување со лица поврзани со тероризам и поддршка на процесот на РРР*
24 *Стратешка цел 1.5 – Конвенционално и неконвенционално оружје*
25 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2 – ЗАШТИТА
25 *Стратешка цел 2.1 – Зајакнување на системот на контрола на границите*
26 *Стратешка цел 2.2 – Намалување на ризикот и подобрување на отпорноста на воздухопловниот и другите видови сообраќај, заштита на критичната инфраструктура, најмногу изложена на закани од терористички напади*
27 *Стратешка цел 2.3 – Заштита од злоупотреба на сајбер просторот*
28 *Стратешка цел 2.4 – Заштита од злоупотреба на класифицирани информации кои може да бидат користени за терористички напади*

28 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3 – ГОНЕЊЕ

29 *Стратешка цел 3.1 – Откривање, идентификација и гонење на сторители на кривични дела поврзани со тероризам и финансирање на тероризам*

30 *Стратешка цел 3.2 – Започнување на постапка за донесување на Закон за борба против тероризмот*

30 *Стратешка цел 3.3 – Надоградување на капацитетите на Јавното обвинителство и институциите за спроведување на законот во борба против тероризмот*

31 *Стратешка цел 3.4 – Интензивирање на стратешката соработка на домашно, регионално и меѓународно ниво*

32 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 4 – ОДГОВОР

32 *Стратешка цел 4.1 – Намалување на последиците од терористички акти и закрепнување по извршени терористички акти*

33 *Стратешка цел 4.2 – Унапредување на процесот на извршување на санкции врз сторителите на кривични дела поврзани со тероризам*

34 *Стратешка цел 4.3 – Поддршка на жртвите на тероризам*

35 *Стратешка цел 4.4 – Координиран мултиагенциски пристап за одговор на терористички акти*

35 *Стратешка цел 4.5 – Унапредување на професионалната комуникација со медиумите и социјалните медиуми*

36 Приоритети за реализација

37 Мониторинг и евалуација

## ТЕРМИНОЛОГИЈА[1]

| | |
|---|---|
| **„Терористичка група“** | Структурирана група од повеќе од две лица, формирана за одреден временски период, која дејствува за извршување терористички дела; „структурирана група“ значи група која не е случајно формирана за непосредно извршување на прекршок, која не мора да има формално дефинирани улоги за своите членови, континуитет на неговото членство или развиена структура. |
| **Радикализација** | Радикализација е процес на општествени, психолошки и идеолошки промени што води до екстремизам и потенцијално насилен екстремизам. |
| **Екстремизам** | Екстремизам е идеолошка позиција која се карактеризира со поларизиран поглед на светот, недоверба во државните институции и демократските процеси на одлучување, и легитимирањето на употребата на насилство. |
| **Насилен екстремизам (НЕ)** | Позиција на поединец кој всушност извршил еден или повеќе акти на насилство поради екстремистички ставови и размислувања. |
| **Фондови** | Средства од секаков вид, без разлика дали се материјални или нематеријални, движни или недвижни, без оглед на тоа како се стекнати, и правни документи или инструменти во која било форма, вклучително и електронска или дигитална, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на, банкарски кредити, патнички чекови, банкарски чекови, парични налози, акции, хартии од вредност, обврзници, нацрти, акредитиви. |
| **Говор на омраза** | Сите форми на изразување кои шират, промовираат, поттикнуваат или оправдуваат омраза заснована на нетолеранција кон едно или повеќе лица поради нивна лична карактеристика или припадност кон одредена група. |
| **Странски терористички борци (СТБ)** | Лица кои патуваат во држава која не е нивна држава на престој или државјанство заради извршување, планирање, подготовка или учество во терористички акти или заради обезбедување или добивање на терористичка обука, вклучително и во врска со вооружен конфликт [2]. |
| **Повратници** | Лица кои одат од земјата домаќин, во земјата на потекло, земјата на националност или вообичаено живеалиште, по поминување на значителен временски период во земјата домаќин, без разлика дали е доброволно или присилно, помогнато или спонтано. |

[1] Терминологијата е усогласена со Националниот план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација, Стандардните оперативни процедури за постапување со СТБ и членови на нивните семејства, документите на РАН, ОБСЕ, Совет на Европа и ОН

[2] Резолуција на Советот за безбедност на Обединетите Нации 2178 (2014) S/RES/2178

| | |
|---|---|
| **Деангажирање/исклучување** | Претставува социјален и психолошки процес каде посветеноста и вклученоста на поединецот во насилен екстремизам се сведува на степен до кој тој/таа повеќе не се изложени на ризик од вмешаност и вклученост во насилна активност. Овој процес вклучува промена во однесувањето (повеќе не се употребува или оправдува примената на насилство), но не мора да вклучува промена во посветеноста на поединецот кон одредена радикална или екстремистичка кауза. |

## ПРЕДГОВОР

**Свесни** за современите безбедносни предизвици во земјата, во регионот, во Европа и во светот.

**Водени** од потребата за развој на политиките и практиките за спречување и борба против тероризмот.

**Посветени** на градење на општество отпорно на заканите од тероризам.

**Подготвени** за имплементирање на најдобрите европски и светски практики за борба против тероризмот.

**Уверени** дека само преку целосна посветеност на сите вклучени институции ќе се овозможи непречено функционирање на системот.

**Признавајќи** ја водечката улога на Обединетите нации во меѓународните напори против тероризам и потврдувајќи ја Стратегијата на ОБСЕ за справување со заканите за безбедноста и стабилноста во дваесет и првиот век, кој го идентификува тероризмот како една од најважните причини за нестабилност во сегашната безбедносна средина.

**Согласно** позитивното законодавство, Владата на Република Северна Македонија, ја презентира својата четврта Национална стратегија за борба против тероризмот.

При изработката на Стратегијата беа користени искуствата од документите на Обединетите Нации и Европската Унија за борба против тероризам, чии придобивки во значителен дел се имплементирани во предложената Стратегија.

Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризмот (Националниот комитет) изразува благодарност до сите меѓународни, регионални и домашни партнери, и владини и невладини организации кои дадоа поддршка во изготвувањето на Националната стратегијата за борба против тероризмот, а особено на Мисијата на ОБСЕ во Скопје за несебичната поддршка, размената на искуства и квалитетните предлози кои помогнаа да се подготви сратегија која ќе одговори на потребите на македонското општество.

Владата на Република Северна Македонија изразува спремност да ја продложи соработката со сите институции и организации во борбата против тероризмот, во согласност со оваа Национална стратегија и Националната стратегија за спречување насилен ектремизам, со цел да се спротивстави на овие безбедносни феномени, зачувувајќи ја стабилноста и безбедноста на државата.

Националниот комитет ја поздравува посветеноста и залагањето на професионалците од институциите, членовите на академската заедница, активистите од невладиниот сектор и другите соработници во создавањето на стратешките документи за СНЕ и БПТ. Се надеваме дека широкиот пристап кој Националниот комитет го прифати при изработката на овие документи, ќе биде прифатен од надлежните институции во фазата на имплементација на сите планирани активности.

## ВОВЕД

Иако борбата против тероризмот (БПТ) е поинаква од превенцијата и спречувањето на насилниот екстремизам (СНЕ) во бројни и важни начини, одговорот на истите мора да е осмислен и имплементиран на кохерентен, поврзан и стратешки начин, бидејќи заканите и опасностите од насилниот екстремизам и тероризмот се испреплетени и неразделно поврзани. Затоа структурите на Националните стратегии на Република Северна Македонија за БПТ и СНЕ се суштински усогласени, а соодветните акциски планови (иако се два одделни документи) се одликуваат со хармонизирани принципи и одговараат на заедничко множество на двигатели и фактори.

Регионалниот контекст и последните случувања во Европа и во светот, водат кон заклучокот дека секој стратешки документ во областа на безбедноста треба да ги опфати во најширока можна мера сите предизвици и закани, но и можностите за соработка кои им стојат на располагање на државните органи и институциите кои со нив соработуваат. Соочени со бројните закани по мирот, стабилноста и безбедноста, а особено со заканите од насилен екстремизам и тероризам, државите во регионот се обединуваат околу потребата за јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот, како и развој и унапредување на меѓународната соработка која е основна во меѓународната коалиција за борба против тероризмот. Членството во НАТО ги прави многу појасни и повидливи сите напори на институциите за соодветен одговор на современите закани. Исполнувањето на светските стандарди за производство, анализа и размена на безбедносни информации, како и подобрувањето на нивниот квалитет, овозможува појасна слика за вистинските закани, а институциите ги прави подготвени да се борат со насилниот екстремизам и тероризмот.

Националната стратегија за БПТ претставува стратешки документ во кој се предвидени безбедносните закани кои во изминатите неколку години се случуваат со забрзано темпо. Промената на пристапот, особено изменетите стратешки цели во секој од стратешките приоритети, ќе ја зголеми нашата подготвеност и способност да одговориме на заканите. Овој пристап ќе ги опфати препораките кои ги добивме во фазата на подготовка на националните стратегии, но и во фазата на оцена и евалуација на постојните стратегии, новите трендови и предизвици во областа на безбедноста, кои се, или може да бидат поврзани со тероризам и терористички активности.

Во новите стратегии се прифатени сите научени лекции, ги препознавме слабите страни, за нив предвидуваме конкретни и специфични цели кои во наредниот период ќе придонесат за зајакнување на мерките и политиките кои досега не ги дадоа очекуваните резултати. Свесни сме и за бројните предности од досегашните стратешки документи, како и за целите кои добро се имплементирани и благодарение на тоа искуство, продолжуваме да градиме квалитетна политика на отпорност на заканите за целото општество.

Објавувањето на националните стратегии ја претставува подготвеноста на Владата да продолжи да ја спроведува транспарентноста на политиките во областа на безбедноста и да ги информира и едуцира граѓаните како подобро да се заштитат себе си, својот имот и своите блиски. Иако не е секогаш можно да се биде во целост отворен и транспарентен за конкретните закани со кои се соочуваме или нашиот одговор на нив, една од целите на овие документи е да се зголеми обемот на информации што им се достапни на јавноста за прашањата на радикализацијата, насилниот екстремизам, тероризмот итн.

Министерството за внатрешни работи и останатите безбедносни институции, како и другите државни органи, како што е Министерството за труд и социјална политика, но и невладините организации и граѓанскиот сектор, имаат сериозни задачи и активности кои се во насока на имплементирање на стратешките приоритети и стратешките цели предвидени во стратегиите. Широкиот владин и општествен пристап предвидува можност за целисходно вклучување на академската заедница, невладиниот сектор, меѓународните партнери и сите физички и правни лица кои имаат можност, знаење, искуство да помогнат во обезбедувањето на квалитетот на политиката за борба против насилниот екстремизам и тероризмот.

## ВИЗИЈА

Безбедно и сигурно опкружување на граѓаните преку намалување на ранливоста и зголемување на отпорноста, постојано градејќи ги капацитетите за одговор на терористичко дејствување на поединци и групи, а во согласност со меѓународните документи за човекови права, меѓународното хуманитарно право и меѓународните документи за заштита на бегалци и баратели на азил.

## МИСИЈА

Да се промовираат и координираат заеднички активности на институциите за спроведување на законите и на граѓанското општество со цел идентификација, намалување на ризиците и спречување на сите форми на подготовка, финансирање и реализација на терористички активности во Република Северна Македонија, а во согласност со меѓународните документи за човекови права, меѓународното хуманитарно право и меѓународните документи за заштита на бегалци и баратели на азил.

## ПРОЦЕС НА ПОДГОТОВКА И СТРУКТУРА НА СТРАТЕГИЈАТА

Националната стратегија за борба против тероризмот претставува заеднички документ на претставници на владините институции, релевантни здруженија на граѓани, академската заедница, како и претставници на меѓународните организации во кои Република Северна Македонија членува или спроведува заеднички активности.

Во фазата на изработка на националните стратегии беа користени современи научни методи и принципи на проучување на феноменологијата на овие општествено негативни појави, а се одеше од поедноставното кон посложеното, притоа правејќи анализа која во одредени делови имаше за цел да ги раздели составните елементи на конкретниот проблем, да ги проучи и да предложи мерки за подобрување на состојбите. Во некои поедноставни делови, документот е подготвен преку анализа на содржината и на целината на проблемот и на тој начин се предложени потребните чекори.

Посебност на оваа стратегија се можностите во истата да бидат поставени соодветни научни параметри преку кои ќе биде можно да се спроведе понатамошно истражување и анализа на секој составен дел, но и на целиот документ како една воопштена и затворена целина, која може да даде најдобри резултати во борбата против тероризмот. По истекот на две години од имплементација на стратегијата, оставен е простор да се направи евалуација на сите предвидени мерки и активности, да се процени степенот на исполнетост, но и дали предвидените мерки и активности се реализираат во целост и во предвидениот временски рок.

Преку дискусии базирани на докази и анализи се утврдени стратешките приоритети, а дополнителни цели преку отворена и широка дебата. Тие произлегоа од анализа на контекстот претставен преку утврдување на главните предизвици и можности за соодветен превентивен и проактивен одговор на државата во спречувањето на процесот на радикалзиација кој може да доведе до тероризам.

Националната стратегија е стратешки документ кој се изработува за временски период од пет години и ќе биде актуелна во периодот 2023 – 2027 година. Стратегијата е подготвена на начин кој ќе овозможи истата да биде повремено и редовно евалуирана, оценувана и да се направи анализа кога ќе се планираат натамошните чекори.

Националната стратегија го поттикнува мултидисциплинарниот одговор во процесот на превенција на тероризмот, со цел да се обезбеди вклученост на широк спектар на владини учесници, како што се претставници од ресорите за безбедност, социјални работи, образование, здравство, млади и спорт, претставници на граѓанските здруженија, жените, верските, културните и образовните лидери и медиумите.

Со ваквиот пристап ќе се овозможи активно вклучување на сите релевантни субјекти во процесот на планирање на идните чекори кои ќе ги преземе државата за борба против тероризмот, но и во фазата на планирање на превенцијата.

Документот обезбедува глобална претстава за заканата од насилен екстремизам и тероризам, дава можност да се навлезе во идеологијата и методологијата на терористичките групи, притоа имајќи ги предвид заканите од познатите терористички организации, но и новите предизвици поврзани со војната во Украина, хибридните закани, конвенционалното и неконвенционалното оружје итн.

## АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ

За да ги утврдиме реалните состојби, како и да го препознаеме нивото на подготвеност кое треба да го постигнеме за да се одговори на заканите од тероризам, беше подготвена и анализа на состојбите која ги даде очекуваните резултати и помогна во планирањето на приоритетите кои се составен дел на оваа стратегија.

Отворениот и инклузивен пристап при подготовката на анализата, овозможи природен спој на теоретските знаења и практичното искуство кое беше основа за подготовка на националната стратегија. Сите стекнати искуства и забележани силни и слаби страни, но и предизвиците и можностите се составен дел на оваа стратегија и беа водилка за поставување на тезите кои се предвидени со стратешките приоритети и особено во стратешките цели во секој од четирите општоприфатени приоритети.

## ВОДЕЧКИ ПРИНЦИПИ ЗА СНЕ И БПТ

Водечките принципи за спречување на насилниот екстремизам и борбата против тероризмот ја претставуваат сликата и визијата во која насока треба да продолжи да се развива генералната стратешка политика на институциите.

### ***ПОСТАПУВАЊЕ ВОДЕНО ОД ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ***

Човековите права и слободи се темелна вредност на Уставот на Република Северна Македонија и нивното почитување и промоција е императив за секоја демократска држава. Универзалната декларација за човекови права, Европската конвенција за човекови права на Советот на Европа, ратификуваните меѓународни договори и бројни други документи за работа на органите за спроведување на законот, ја утврдуваат потребата токму постапувањето водено од човековите права и слободи да биде и прв водечки принцип на националните стратегии за СНЕ и БПТ. Постапувањето водено од човековите права и слободи се темели на следните принципи:

- Учество во процесот на донесување на одлуки (секој има право на активно учество во процесите на донесување на одлуки кои влијаат на остварувањето на неговите права);
- Отчетност (потребни се ефективни правни лекови кога се случуваат прекршувања на човековите права и слободи);

- Недискриминација и еднаквост (секој има право на еднаков пристап со човековите права и слободи без каква било дискриминација. Сите видови на дискриминација треба да бидат забранети, спречени и елиминирани);
- Охрабрување и зајакнување (секој има право да има пристап и да ги остварува своите права). Поединците и заедниците треба да ги знаат нивните права и да учествуваат во развојот на политики кои влијаат на нивните животи, а надлежните државни органи имаат обврска да ги почитуваат, заштитат и овозможат човековите права. Овој принцип произлегува од принципот на „пропорционалност", кој овозможува ограничување на човековите права само колку што се законските овластувања, а е неопходно за остварување на целта и пропорционално при споредување на целта на владината акција;
- Законитост (сите постапки на институциите треба да бидат во согласност со националното и меѓународното право); и
- Ефективен надзор, редовна контрола и независен мониторинг врз усогласеноста на дејствијата на државата со човековите права и слободи.

## ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ И НЕГУВАЊЕ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ВРЕДНОСТИ

Доброто владеење значи правилно управување со државата, општеството и ресурсите, заштита на интересите, социјалните, економските и политичките права на луѓето без дискриминација по било кој основ.

Основните карактеристики на доброто владеење се учество, владеење на правото, транспарентност, одговорност, еднаквост и инклузивност, ефективност и ефикасност во постапувањето, отчетност на институциите.

Доброто управување поддржува ефикасен, транспарентен и независен надзор, особено за безбедносниот сектор.

## ШИРОК ОПШТЕСТВЕН И ВЛАДИН ПРИСТАП

Стратегијата се темели на начелото на широк општествен и владин пристап, здружувајќи ги сите владини институции и граѓанското општество/граѓанските здруженија, со цел да се постигне едно општество без радикализација и насилен екстремизам кои водат кон тероризам.

Потребно е сеопфатно, интегрирано, интердисциплинарно и меѓуресорско постапување на институциите во спречувањето на насилниот екстремизам. Националниот комитет ја задржува примарната функција за координиран одговор на институциите во остварувањето на четирите стратешки приоритети (превенција, заштита, извршување и одговор).

Токму во овој принцип може да се забележи целосната посветеност на Владата и на надлежните институции кои во наредниот период ќе продолжат да ги промовираат демократските вредности во општеството и ќе креираат и имплементираат политики за спречување на насилниот екстремизам и тероризмот.

Најдобриот одговор на заканите од насилен екстремизам и тероризам е сплотен, заеднички пристап на сите владини и невладини институции кои имаат законска обврска и капацитет да ги поддржат напорите на општеството за одговор на таквите закани.

## ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

Потполна еднаквост на жените и мажите се еднакви права, можности, услови и третман во сите сфери на јавниот и приватниот живот и отсуство на културни, социјални, економски и политички услови кои продуцираат нееднакви односи на моќ и нееднаква распределба на општествените добра меѓу жените и мажите.[3]

Надлежните државни органи задолжени за борба против насилниот екстремизам и тероризмот, се обврзуваат до највисока можна мера да го промовираат принципот на еднакви можности помеѓу жените и мажите. Дополнително, многу резолуции и документи на ОН ја препознаа важноста од зголемување на вклученоста на жените во зајакнувањето на родовите димензии на спречувањето на насилниот екстремизам и радикализацијата кои водат кон тероризам. Шестата резолуција на Генералното собрание на Глобалната стратегија за борба против тероризмот, усвоена во јуни 2018 година, ја нагласува важната улога на жените во борбата против насилниот екстремизам и потребата родовите анализи да се интегрираат во програмите насочени кон справување со двигателите на радикализацијата.

## ЗАБРАНА НА ДИСКРИМИНАЦИЈА НА КОЕ БИЛО ЛИЦЕ И/ИЛИ ГРУПА ЛИЦА, ВРЗ ОСНОВА НА НИВНИТЕ ЛИЧНИ КАРАКТЕРИСТИКИ, ОСОБЕНО РАНЛИВИТЕ СОЦИЈАЛНИ ГРУПИ

Забраната на дискриминација е вредност која е основа за постапување на демократските институции. Безбедносните органи (полицијата и другите безбедносни служби) се носители на гаранциите дека на секој човек ќе му бидат овозможени еднакви права без никаква дискриминација, а кон ранливите социјални групи ќе се постапува со особено внимание во духот на меѓусебно разбирање, почит и поддршка.

## ПРИНЦИП НА ЗАКОНИТОСТ

Сите дејствија и активности кои се планираат и преземаат се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, законите и други прописи донесени врз основа на закон и ратификуваните меѓународните договори.

Сите мерки и активности од стратешкиот план кои се во функција на спречување насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам ќе бидат во согласност со меѓународното право за човекови права, меѓународното право за бегалци и меѓународното хуманитарно право.

[3] Закон за еднакви можности на мажите и жените „Службен весник на РМ“, бр. 201/2015 година

За ефикасна превенција и спречување на насилниот екстремизам, постапувањето е во согласност со целосно почитување на родовата рамноправност и постапување водено и усогласено со возраста на лицата.

Секое прекршување на законитоста треба да помине низ систем кој преку соодветните механизми ќе биде коректив на однесувањето на службениците одговорни за спроведување на законите, како и на службениците од другите државни органи.

## ***ПОЧИТУВАЊЕ НА МУЛТИЕТНИЧКИТЕ И МУЛТИКУЛТУРНИТЕ АСПЕКТИ НА ОПШТЕСТВОТО***

Мултикултурализмот имплицира визија за општество кое ќе ги вклучи различните културни групи во своите главни текови и тоа во нивната културна различност. Во мултикултурните заедници, луѓето ги задржуваат, пренесуваат, слават и споделуваат нивните уникатни културни начини на живот, јазици, уметност, традиции и однесувања.

## ***РЕГИОНАЛНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА***

Спречувањето на насилниот екстремизам и тероризам е можно само со соработка на сите значајни субјекти на национално ниво. Регионалната соработка е од клучно значење особено ако се имаат предвид влијанијата во регионот.

Проблемот со насилниот екстремизам и тероризам не потекнува само од една држава, ниту завршува само во една држава или само во еден регион. Напротив, цели региони во светот се соочуваат со предизвикот на овие општествено негативни појави и затоа не е можно една држава да се справува самостојно и да постигне забележителен успех.

Проблемите се меѓународни, предизвиците глобални. Токму затоа и одговорот мора да биде сеопфатен и да ги вклучи размената на информации, искуства, знаење и вештини во меѓународни рамки.

> ***МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА, Е ИМПЕРАТИВ КОГА СТАНУВА ЗБОР ЗА ЗАКАНИ КОИ ГИ НАДМИНУВААТ ГРАНИЦИТЕ НА ЕДНА ДРЖАВА ИЛИ НА ЕДЕН РЕГИОН И НЕ СЕ ПОВРЗАНИ СО ОДРЕДЕНА КУЛТУРА,***

## ЗАЕДНИЧКИ ДВИГАТЕЛИ И ФАКТОРИ НА СНЕ И БПТ

Етиологијата на насилниот екстремизам кој може да доведе до тероризам се препознава во двигателите – општествени и лични кои придонесуваат одредини лица или групи да се радикализацират во заедницата.

Феноменологијата е променлива и насилните екстремистички групи наоѓаат нови начини да ја шират пропагандата, да ги финансираат нивните активности, да регрутираат луѓе во своите редови и да ги извршат своите напади.

Заедничките двигатели (**push и pull фактори**) кои се препознатливи како фактори за појава на насилниот екстремизам и тероризмот се:

- **Повратниците – „странски терористички борци" и членови на нивните семејства** (меѓусебната и социјалната динамика меѓу СТБ или меѓу СТБ и заедницата[4],
- **Насилни екстремистички наративи** засновани на религија или екстремно десничарски или етно-националистички движења,
- **Дискриминацијата** влијае за поголема изолација и маргинализација на припадниците на помалите етнички заедници или религиозни групи,
- **Замрзнатите „хронични" конфликти во регионот** имаат влијание врз повлекување во процесот на радикализација што води до тероризам,
- **Организираниот криминал и корупцијата** кои создаваат недоверба во институциите и
- **Економските фактори** (низок животен стандард, светската економска и енергетска криза).

Националниот комитет се стреми да го кодифицира заедничкото разбирање за стратешко опкружување, што дава поширок контекст на мисиите на СНЕ и БПТ и ги идентификува приоритетите, предизвиците и можностите во зајакнување на придонесот на Република Северна Македонија во превенирањето на идни манифестации на сите форми на екстремизам и фактори што го потпомагаат патот до тероризам.

Националниот комитет има разработено сеопфатни генерални стратешки цели за насочување за напорите на земјата поврзани со СНЕ и БПТ.

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ЗА БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ

Почетната точка за оваа стратегија е да се извлечат силните страни и придобивките забележани од претходната стратегија, притоа свесни дека ни треба поголем фокус на одржливоста, на градење односи, споделување знаења и промовирање вредности. Стратегијата за БПТ се темели на **ПРЕВЕНЦИЈАТА**. Концептот на превенција во својата основа има широка перспектива која опфаќа обезбедување добри услови за развој, воспитување и образување на младите, борба против сиромаштијата, со цел да се обезбеди секој, без оглед на своето потекло или статус во општеството да биде

[4] Резолуцијата 2396 (2017) ги повикува земјите-членки да ги зајакнат напорите за искоренување на опасноста што произлегува од враќање и раселување на СТБ и членовите на нивните семејства, меѓу кои жени и деца, преку мерки за гранична контрола, кривична правда и размена на информации меѓу земјите-членки и релевантните организации како ИНТЕРПОЛ при откривање на СТБ.

заштитен од дискриминација, зајакнување на јавната свест, но и градење на капацитетите на институциите за соодветен одговор, затоа што општите превентивни напори подразбираат и одвраќање да се користат насилни средства за да се постигнат идеолошки или религиозни цели. Кога се зборува за превенција, се зборува исто така за одредена интервенција со соодветни средства и методи.

Со националната стратегија опфатени се стратешки цели и мерки кои се во функција на постигнување на целите во областа на примарната, секундарната и терцијарната превенција.

**Примарна превенција** - активностите од примарната превенција опфаќаат голема група на луѓе и истите се однесуваат на подигање на свеста, развивање на интеркултурни способности и обуки за професионалците, но и за различни целни групи во заедницата.

**Секундарната превенција** - таргетира помала група или индивидуалци во ризик од радикализација што води до тероризам или извршување екстремистичко насилство. Мерките од секундарната превенција вклучуваат обуки за отпорност на различни целни групи во заедницата, мерки за намалување на поларизацијата и работа на терен со потенцијални лица или групи кои може да се најдат во ризична ситуација.

**Терцијарната превенција** - има за цел да спречи рецидивизам, и затоа мерките се насочени кон поединци кои веќе биле радикализирани или извршиле кривични дела поврзани со екстремистичко насилство или тероризам. Со терцијарната превенција опфатени се и лица кои поттикнуваат насилство, иако тие не учествуваат во насилни дејствија, како и осудени лица кои издржуваат казна затвор.

Заканата од насилен екстремизам и радикализацијата која води кон тероризам не претставува само безбедносен проблем (ризик од тероризам, итн.) туку има и пошироки импликации поврзани со добросостојбата во смисла на социјалната кохезија и добросостојбата во нашето општество.

Националната стратегија ги опфаќа основните предизвици и сите аспекти на борбата против тероризмот со кои се соочуваат државата и општеството, со основна цел да овозможиме најдобар одговор на зголемената закана од тероризам во наредниот период.

Анализата на досегашните резултати покажа дека системот за одговор на насилен екстремизам и тероризам е добро организиран и сеопфатен и дека треба да го ажурираме нашиот пристап во рамките на веќе воспоставената и проверена рамка од **четири стратешки приоритети**:

- **Превенирај** – за да ги запреш луѓето да станат терористи или да поддржуваат терористички групи или поединци,
- **Гони** – за да спречиш терористички напад,

- **Заштити** – за да ја зајакнеш заштитата од терористички напади и
- **Одговори** – за да ги ублажиш последиците од терористичкиот напад.

Од клучно значење е навремено да се преземат потребните мерки и активности за да се спречи подготовка и извршување на терористички напад во Република Северна Македонија, но и да се превенираат сите подготвителни активности поврзани со овие кривични дела, со целосно почитување на меѓународните стандарди за заштита на човековите права. Република Северна Македонија во целост ќе ги почитува принципите за фер судење и почитување на презумпцијата на невиност.

Новото законодавство во делот на истражната постапка ќе овозможи полицијата и јавното обвинителство да имаат доволно законски надлежности да ги пресретнат сите активности на лицата кои подготвуваат извршување на терористички акти. Очекуваме дека законодавството ќе овозможи подолги затворски казни за терористите, но и посилно следење на нивните активности по нивното ослободување. Сето ова ќе биде проследено со добрите практики и целосното почитување на човековите права и основни слободи, вклучително и гаранција на заштита на приватноста.

Особен приоритет ќе биде градење на отпорноста на локалните заедници, кои во наредниот период ќе бидат уште поподготвени за активно учество во програмите за превенција од радикализација и активности кои може да доведат до тероризам.

Сите стратешки приоритети утврдени во оваа стратегија претставуваат една единствена целина на активности и постапки на надлежните државни органи, чија основа цел ќе биде да го преточат во практиката стратешкиот план и насоките за кои очекуваме дека ќе ги заштитат државата и граѓаните од терористички акти на поединци и групи.

Во секој стратешки приоритет се препознаени по неколку стратешки цели кои на соодветен начин се предвидени во стратегијата и врз основа на тие стратешки цели се утврдени конкретните активности на вклучените институции.

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1 – ПРЕВЕНЦИЈА

Првиот стратешки приоритет е превенцијата, впрочем како и во бројни други документи, основата на борбата против секоја општествено негативна појава е во превенцијата, а особено на оние поврзани со тероризмот.

За потребите на националната стратегија, превенцијата претставува политика пред сѐ насочена кон граѓаните кои може да бидат во контакт со лица кои имаат терористички намери, истите да бидат заштитени и да бидат спречени во намерата да станат терористи или да го поддржуваат тероризмот. Превенцијата подразбира и

поддршка на процесот на рехабилитација и деангажирање на лица кои се вклучени или биле вклучени во акти на тероризам.

Планирањето на превентивните активности ќе биде поуспешно доколку се анализираат досегашните искуства, особено на планот на рехабилитација, реинтеграција и ресоцијализација, како и бројните други алатки за превенција кои ги развија институциите во изминатите години. Основните и напредните обуки кои се реализирани во годините наназад, градењето на капацитетите на безбедносните органи, на медиумските работници, на локалната заедница и другите владини и невладини организации, го потврдуваат фактот дека при изготвувањето на стратегијата и особено при нејзината имплементација, ќе се раководиме од стекнатото искуство и научените лекции. Токму оттука е и потребата превенцијата да ги опфати сите аспекти на можно дејствување на поединци или групи кои имаат за цел терористички активности и нивно одвраќање од намерата да ја загрозат сигурноста и безбедноста на граѓаните и на државата.

***ВО ПРВИОТ СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ ПРЕВЕНЦИЈА, ПРЕПОЗНАЕНИ СЕ СЛЕДНИТЕ СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ:***

1. ***ПРЕВЕНИРАЊЕ НА ЗАКАНИ ОД ТЕРОРИЗАМ / РАДИКАЛИЗАЦИЈА КОЈА ВОДИ ДО ТЕРОРИЗАМ.***
2. ***ИДЕНТИФИКУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ПОПРЕЧУВАЊЕ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ.***
3. ***ПРЕВЕНИРАЊЕ НА РАДИКАЛИЗАЦИЈА КОЈА ВОДИ КОН ТЕРОРИЗАМ.***
4. ***СПРАВУВАЊЕ СО ЛИЦА ПОВРЗАНИ СО ТЕРОРИСТИЧКИ АКТИВНОСТИ И ПОДДРШКА НА ПРОЦЕСОТ НА РЕХАБИЛИТАЦИЈА, РЕИНТЕГРАЦИЈА И РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА.***
5. ***СЛЕДЕЊЕ И ОДГОВОР НА ЗАКАНИТЕ ОД КОНВЕНЦИОНАЛНО И НЕКОНВЕНЦИОНАЛНО ОРУЖЈЕ.***

## *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.1 – ПРЕВЕНИРАЊЕ НА ЗАКАНИ ОД ТЕРОРИЗАМ*

Во првата стратешка цел – превенирање на заканите од тероризам е најширокиот општествен одговор кон појавата на тероризмот и терористичките активности, во кој се вклучени најголем број институции, владини или невладини, национални или меѓународни. Во оваа стратешка цел своја улога ќе имаат сите безбедносни институции кои во своите овластувања имаат борба против тероризмот, образовните институции, институциите задолжени за социјалната работа, верските заедници и религиозните групи, локалната самоуправа, медиумите, невладините организации и претставниците на граѓанското општество, меѓународните организации и се разбира граѓаните кои треба да се поттикнат за активно учество и следење на програмите за превенција на заканите од тероризам.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.2 – ИДЕНТИФИКУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ПОПРЕЧУВАЊЕ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

Националната стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам (2021 – 2024 година) е значаен стратешки документ кој на високо ниво ги утврди правците на развој на политиката за борба против перење пари и финансирање на тероризам. Во оваа стратешка цел, националната стратегија во целост ги поддржува и прифаќа напорите на институциите и ги препознава како основни активности во оваа стратешка цел.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.3 – ПРЕВЕНИРАЊЕ НА РАДИКАЛИЗАЦИЈА КОЈА ВОДИ КОН ТЕРОРИЗАМ

Превенирањето на радикализацијата која води кон тероризам е особено значаен сегмент на борбата против тероризмот. Доколку бидеме успешни во процесот на превенирање на радикализацијата која води кон тероризам, голема е веројатноста да го намалиме бројот на лица кои ќе се насочат кон подготовка и извршување на терористички активности. Затоа од примарно значење е да се справуваме со причините за радикализација која води кон тероризам и да одговориме на бројните причини за појава на тероризмот.

Успехот во следните пет години ќе биде дека заедниците се повеќе свесни и отпорни на терористички наративи, со одговори прилагодени на локалните ризици и дека ќе изградиме широка свесност за заканите кои првенствено доаѓаат преку онлајн активностите на терористичките групи или поединци.

**Значајни се активностите кои ќе се спроведуваат со локалната заедница и со граѓанското општество. Ги поддржуваме граѓанските организации да испорачаат широк спектар на проекти кои работат со училишта, семејства и во локалните заедници за да го поддржат процесот на градење отпорност во целата заедница, особено во локалните заедници. Силно ги почитуваме напорите на локалната самоуправа и граѓанскиот сектор за помош и поддршка на лицата кои се изложени на радикализација и бројните активности кои тие ги спроведуваат да ја спречат можната радикализација. Дополнителна вредност на оваа политиката е меѓусебната соработка и заедничките проекти и активности кои ќе се спроведуваат со владините и невладините организации и меѓународните партнери.**

**Интернетот** е моќна алатка која терористичките организации ја користат за да радикализираат, врбуваат и регрутираат поединци и да поттикнат и овозможат терористички напади. Терористичките групи силно се потпираат на различни онлајн платформи за комуникација со голем број поединци, ширејќи ја својата терористичка идеологија и пропаганда. Одговорот на државата треба да биде целосен и да ги опфати сите можни сегменти на злоупотреба на интернет од страна на поединци или групи со терористичка идеологија, а особено на работа со групите на граѓанското

општество да станат отпорни и да ги имаат предвид антитерористичките наративи на интернет, како и да преземат активности кои ќе го намалат просторот на терористите на интернет преку спречување на ширење на онлајн терористичка содржина.

И во делот на превенција на радикализација која води кон тероризам на интернет очекуваме широка поддршка од граѓанското општество, особено поради нивната специјализација во конкретни дигитални алатки. Значајни се сите проекти и обуки кои може да се спроведат за професионалците во општеството, особено на новинарите и медиумските работници, лица во институциите кои работат на односите со јавноста, но и на младите, жените, ранливите категории, а со целосно почитување на човековите права и слободи, правото на приватност, слободата на изразување итн.

**Локалните самоуправи се особено значајни партнери** во превенцијата на радикализација која води кон тероризам. Ги поттикнуваме локалните мултидисциплинарни тимови и локалните совети за превенција да продолжат да ги развиваат своите активности и да воспостават јасни критериуми за целосно и ефективно работење на тие значајни тела. Во секоја локална заедница каде се забележани примери на радикализација која води кон тероризам или живеат и престојуваат лица кои биле поврзани со терористички активности, локалните мултидисциплинарни тимови градат однос на соработка и партнерство со микро заедницата и се обидуваат да ја овозможат потребната поддршка за спречување на радикализацијата која води кон тероризам.

**Здравствените и социјалните работници се важни во заштитата**. Ќе продолжиме тесно да соработуваме со нив и ќе им ги овозможуваме сите информации и упатства што им се потребни за да одговорат соодветно на ризиците од радикализација која води кон тероризам. Во наредниот период ќе се посветиме на развивање насоки и обуки за професионалците, за здравствените и социјалните работници, за да ги подобрат своите знаења за идентификација и поддршка на оние кои се изложени на ризик од радикализација која води кон тероризам и насилство.

**Препознавањето на раната радикализација е значајна и за полициските службеници, па затоа покрај овој профил на работници, низ слични обуки ќе поминат и полициските службеници кои вршат служба, со силен фокус на почитувањето на основните човекови права и слободи.**

**Заштитата на учениците и студентите од радикализација** е дел од пошироката заштита во која се вклучени наставниците и професорите. Превенцијата на радикализацијата која води кон тероризам бара од сите образовни работници да имаат јасни политики за заштита на студентите и градење на нивната отпорност на радикализација која води кон тероризам во училишта и факултетите. Во наредните пет години потребно е да изградиме мрежа на наставници и професори кои ќе поминат соодветни обуки и ќе знаат како да ги препознаат раните знаци на радикализација и како треба да постапуваат во срединитe во кои ќе се среќаваме со обиди за влијание врз ученици и

студенти. Исто така, забележливо е дека во средните училишта и на факултетите многу ретко се зборува на овие теми и потребни се дополнителни напори да се актуелизираат темите и да им се даде простор на учениците и студентите да ги отвораат таквите теми, да ги знаат опасностите и стравовите и да носат јасни одлуки значајни за својата иднина.

Секоја таква обука ќе треба да ги подготви едукаторите, медицинските и социјалните работници, како и службениците на полицијата за директните и индиректните влијанија на човековите права кои може да ги имаат во оваа област.

Полицијата е доминантен орган во спроведувањето на превенцијата, развојот на локални партнерства и здружување на широк опсег на организации во заедниците за поддршка на локалните проекти за заштита на поединците од радикализација која води кон тероризам. Полицијата дава специјализирана поддршка на останатите ресори и има способност да управува со ризикот и да ги следи и попречува поединците или групите кои имаат врски со оние кои се вклучени во активности поврзани со тероризам. Превентивните активности на полицијата се видливи низ сите нивоа на работење на полициските службеници, од пониските раководни работници до највисоките структури на старешини, но најзначаен сегмент се полициските службеници кои вршат служба во локалната заедница и кои имаат доволно знаење и искуство за да препознаат и да реагираат на можна радикализација која води кон тероризам во заедницата.

## *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 14 – СПРАВУВАЊЕ СО ЛИЦА ПОВРЗАНИ СО ТЕРОРИЗАМ И ПОДДРШКА НА ПРОЦЕСОТ НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА, РЕИНТЕГРАЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА*

Согласно Кривичниот законик, секој треба да биде изведен пред суд за сторено кривично дело поврзано со учество во странска војска, притоа обезбедувајќи квалитетни докази за делата и дејствијата кои сторителот ги извршил. Сериозен предизвик во наредниот период ќе биде справувањето со странските терористички борци. Активностите во државата мора да бидат насочени кон креирање на реални и ефективни политики за спроведување на процесот на ресоцијализација, реинтеграција и рехабилитација, но и да ги обезбеди интересите на другите граѓани и на општеството.

**Процесот на ресоцијализација, реинтеграција и рехабилитација се одвива според планираната динамика и истиот треба да биде во целост реализиран во наредниот период. Повратниците се нашата реалност и Владата е посветена на градење на квалитетни политики за ресоцијализација, реинтеграција и рехабилитација, политики кои ќе бидат корисни и препознаени како позитивно, за да постигнеме доброволно вклучување во различните програми.**

## *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.5 – КОНВЕНЦИОНАЛНО И НЕКОНВЕНЦИОНАЛНО ОРУЖЈЕ*

**Конвенционалното оружје** е оружје кое не е наменето за масовно уништување во кое спаѓаат мало и лесно оружје, нагазни мини, касетни бомби, муниција, касетна муниција, артилерија, оклопни борбени возила, борбени хеликоптери итн. **Неконвенционалното оружје** пак, е познато како нуклеарно, биолошко, хемиско оружје, како и боевите отрови, гасните бомби итн.

Некои терористи имаат капацитет да извршуваат пософистицирани терористички напади и активности. Најмногу закани се упатени и се чувствуваат во авионскиот сообраќај, иако во тој сектор се забележува најголем напредок во областа на безбедноста на патниците и на корисниците на услугите во воздушниот сообраќај. Исламската држава веќе тестираше и употреби хемиско оружје во Сирија и во Ирак. Некои од членовите на Исламската држава се способни да употребат хемиско и биолошко оружје, а други пак се специјализирале за изработка на експлозиви и други средства.

Во наредниот период остануваме посветени на контролата на сите видови на оружје, заедно со нашите партнери во земјата и странство ќе градиме општество отпорно на пролиферацијата на оружјето за масовно уништување, ќе го развиваме следењето на текот на малото и средно оружје, експлозивите и други направи кои може да бидат злоупотребени во терористички цели и активности. Стратешкото следење и советување на целата Влада е одговорност на меѓудржавно тело – SALW Комисија. На оперативно ниво во МВР постои контакт точка за огнено оружје, вкрстена одделна структура основана за собирање, анализа и координирање на сите оперативни информации и информации поврзани со огнено оружје.

**Согледувајќи дека ширењето и недозволената трговија со огнено оружје и муниција претставуваат постојана закана по внатрешната безбедност, во рамите на Патоказот за изнаоѓање одржливо решение за незаконското поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје (МЛО)/огнено оружје и муниција, за истото во Западен Балкан, во тек е имплементација на проектот за подобрување на националните пракси за управување со мало и лесно оружје и градење на резилиентни заедници.**

Сите институции во безбедносниот систем кои имаат законски овластувања за контрола на конвенционалното и неконвенционалното оружје ќе бидат вклучени и активно ќе учествуваат во проекти (домашни, регионални и меѓународни), со што ќе се покаже одлучниот пристап за контрола на тековите на оружјето.

Потребни се дополнителни активности кои ќе доведат до подобрување на способностите за откривање на терористички активности кои вклучуваат хемиски, биолошки, радиолошки, нуклеарни и експлозивни материјали и прекурзори и контрола и заштита на овие материјали. Ќе го поддржиме јакнењето на капацитетите на МВР и на веќе воспоставената професионална единица која ќе има способност за разузнавање, откривање, спроведување и намалување на способноста на терористите и криминалците да пристапат до огнено оружје.

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2 – ЗАШТИТА

Заштитата согласно оваа стратегија подразбира **заштита на јавната безбедност**, на стабилноста и сигурноста на граѓаните и имотот, **преку јакнење на отпорноста** од терористички напади, со преземање на конкретни мерки и активности за **намалување на ранливоста во општеството**. Потребно е да изградиме ефикасна повеќеслојна одбрана за заштита од напад, намалувајќи го незаконскиот пристап до средствата и материјалите потребни за организирање на напад, вклучително и зголемување на навременоста на извештаите за сомнителни трансакции, поголема будност и претпазливост на јавните простори, транспортот и инфраструктурата кои се најмногу изложени на ризик од напад и целосно искористување на нашите овластувања и способности за контрола на границата.

Иако државите имаат обврска да ги заштитат луѓето од напади, предвидените мерки (вклучувајќи го и следењето на финансиските трансакции, јавните простории и границите) имаат потенцијално далекусежни импликации за човековите права, вклучувајќи го не само за правото на приватност (кое се смета за основно право за остварување на голем број други права), туку и слободата на собирање, слободата на изразување, слободата на движење, принципот на недискриминација итн.

Успехот во наредните пет години ќе значи дека нашите партнерства обезбедуваат побрзо споделување на релевантните податоци. Потребна е целосна посветеност на заканите, како и следење на движењата и активностите на терористичките групи и поединци, вклучувајќи ја и употребата на резултатите од истражувањата од анализата и почитувањето на научниот пристап, вклучувајќи ја и употребата на технолошки решенија за елиминирање или усогласување на ризикот во повеќе сектори во безбедноста и другите услуги, но и во општеството во целина, истовремено почитувајќи го правото на приватност.

**Генералната заштита** мора да оди во чекор со подигнувањето на јавната свест од заканите, стабилен и одговорен пристап, кој заедно со технолошкиот развој ќе овозможат користење на напредни алатки за заштита. Подигнувањето на стандардите за безбедност, вклучително и стандардите за сите видови на сообраќај, болниците, училиштата, објектите од витално значење во државата, несомнено ќе водат и кон подобра заштита на критичната инфраструктура и поголема отпорност од заканите од тероризам.

### *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.1 – ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ НА БЕЗБЕДНОСТ НА ГРАНИЦИТЕ*

На границата, Република Северна Македонија спроведува проверки за да ги идентификува поединците од интерес, разви и употребува биометриски патни исправи и визи, собира и анализира информации за патниците и превозниците, на границите се воспоставени електронски системи за идентификација на лица, СТОП листа, „Забранетo летање“, со што на полициските службеници и царинските органи

им се овозможува непречено да ја следат и контролираат безбедноста на нашите граници и да преземаат соодветни мерки да не дозволат влез и престој на терористи, но со почитување на сите меѓународни стандарди за заштита на човековите права и слободи. Се вршат целосни проверки на патниците кои пристигнуваат на граница, со цел да се идентификуваат какви било прашања за криминал, безбедност и имиграција.

Проверките на граничните премини се прават против најширокиот опсег на домашни и меѓународни списоци за следење и се држат под постојан преглед. Но, потребно е да ја пресретнеме заканата порано, секогаш кога тоа е можно. Ова значи да се осигура дека другите земји имаат навремени и квалитетни информации и можат да преземат соодветни мерки за запирање на поединци поврзани со тероризам на границата. Треба да работиме на зголемување на бројот и на квалитетот на информациите што ги споделуваме со доверливи партнери и мултилатерални тела (имајќи предвид дека сме членка на НАТО, размената на информации со Европол и Интерпол). Договорот со ФРОНТЕКС кој беше потпишан во октомври 2022 година ќе овозможи зајакнување на капацитетите за гранична контрола и ќе овозможи одблизу да се следат и имплементираат европските практики за контрола на границите.

> ***ПОТРЕБНА Е ЦЕЛОСНА ПОСВЕТЕНОСТ НА ЗАКАНИТЕ, СЛЕДЕЊЕ НА ДВИЖЕЊЕТО И АКТИВНОСТИТЕ НА ТЕРОРИСТИЧКИ ГРУПИ И ПОЕДИНЦИ, ВКЛУЧИТЕЛНО И КОРИСТЕЊЕ НА ИСТРАЖУВАЧКИ РЕЗУЛТАТИ ОД АНАЛИЗИ И ПОЧИТУВАЊЕ НА НАУЧНИОТ ПРИСТАП, КАКО И КОРИСТЕЊЕ НА ТЕХНОЛОШКИ РЕШЕНИЈА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ ИЛИ УБЛАЖУВАЊЕ НА РИЗИКОТ ВО ПОВЕЌЕ СЕКТОРИ ВО БЕЗБЕДНОСНИТЕ И ДРУГИ СЛУЖБИ, НО И ВО ОПШТЕСТВОТО ВО ЦЕЛИНА.***

### *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.2 – НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИКОТ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ОТПОРНОСТА НА ВОЗДУХОПЛОВНИОТ И ДРУГИТЕ ВИДОВИ СООБРАЌАЈ, ЗАШТИТА НА КРИТИЧНАТА ИНФРАСТРУКТУРА*

Посебно ниво на заштита се спроведува на аеродромите, каде покрај редовна полициска контрола, безбедноста на патниците ја обезбедуваат и соодветните агенции за приватно обезбедување, кои во целост ги исполнуваат меѓународните стандарди за безбедност во воздушниот сообраќај. Можеме во целост да бидеме сигурни дека аеродромите имаат технологии и процедури за да се идентификуваат обидите за внесување на опасни предмети во авионот. Во континуитет се преземаат мерки за проверка на подготвеноста на аеродромските служби за целосно и доследно почитување на стандардите и за грижата за безбедноста на патниците во воздушниот сообраќај, како дел од критичната инфраструктура во државата.

Свесни сме за потребата од заштита на критичната инфраструктура, затоа силно ги поддржуваме напорите на институциите да се донесе закон за заштита на критичната инфраструктура, кој значително ќе ја олесни заштитата и ќе овозможи координиран пристап за следење и попречување на секое загрозување на виталните објекти.

Ќе продолжиме да ја јакнеме и безбедноста во железничкиот сообраќај. Неговата модернизација и особено отворањето на коридорот кон Република Бугарија ќе ги зголемат и потребите од дополнителна безбедност во тој вид сообраќај.

За да гарантираме заштита на критичната инфраструктура, во наредните четири години:

- **Собираме и анализираме** поголем обем на висококвалитетни податоци за да бидат препознаени, познати и претходно непознати лица, како и материјали и средства кои може да предизвикаат загриженост за борба против тероризмот;
- **Ќе инвестираме во дополнителни технологии** за следење и контрола на границите, вклучувајќи ги дигиталните технологии, профилирањето на лица, возила и предмети, засилена анализа и аналитика на податоците кои ги прибираат граничните служби, секогаш со доследно почитување на меѓународните стандарди за човекови права и меѓународното хуманитарно право;
- **Зајакнување на системот за размена на информации**, особено на службите на граничните премини, со цел поедноставна контрола, повисок степен на безбедноста на патниците и поголемо откривање на потенцијално ризичните лица;
- **Понатамошно зајакнување на физичката и сајбер безбедноста** на транспортната мрежа во државата и други делови од нашата критична национална инфраструктура ќе овозможи непречено одржување на функциите и давање на основни услуги на граѓаните;
- **Подобрување на безбедноста на јавните места** преку поблиска, поефикасна работа со поширок опсег на локалната самоуправа и одговорни партнери од приватниот сектор; и
- **Новиот пристап во проектирањето на објектите од критичната инфраструктура** ќе овозможи зголемување на нивната заштита од евентуални напади.

## *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.3 – ЗАШТИТА ОД ЗЛОУПОТРЕБА НА САЈБЕР ПРОСТОРОТ*

Паралелно со подготовката на оваа национална стратегија, се подготвува и нова национална стратегија за сајбер безбедност на Република Северна Македонија, која ќе ја замени постојната стратегија, која е актуелна за периодот 2018 – 2022 година. Оваа национална стратегија во целост ќе реферира на придобивките од Националната стратегија за сајбер безбедност.

Покрај тоа, борбата против тероризмот треба да се фокусира и на намалување на ризиците во сајбер просторот, да се работи со приватниот сектор и поединци ИТ експерти за да се обезбеди кохерентна сајбер безбедност, но и да се управува со ризиците во сајбер просторот, поткрепени со истражувања и иновации.

Националниот комитет и другите безбедносни органи ќе продолжат тесно да соработуваат со органите за спроведување на законот и безбедносно-разузнавачките агенции за да помогнат во борбата, спречувањето и истражувањето на сајбер криминалот и други закани поврзани со сајбер безбедноста.

### *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.4 – ЗАШТИТА ОД ЗЛОУПОТРЕБА НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ КОИ МОЖЕ ДА БИДАТ КОРИСТЕНИ ЗА ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ*

Националната стратегија го насочува вниманието на потребата од зајакнување на системот за заштита на информациите и нивна соодветна употреба. Како земја членка на НАТО имаме сериозни обврски за размена на квалитетни информации, но и за чување на сите класифицирани информации кои ги добиваме преку каналите за меѓународна размена, но и кои самостојно ги произведуваме преку веќе воспоставениот систем во безбедносните служби.

Во изминатиот период бевме сведоци на неколку злоупотреби на класифицирани информации и затоа ги поттикнуваме институциите во рамките на оваа стратешка цел да ги зајакнат своите капацитети за заштита на тие информации, особено на информациите поврзани со борбата против тероризмот.

Како дел од оваа стратешка цел, институциите треба да ги зајакнат своите капацитети за заштита на информација, особено информации поврзани со борбата против тероризмот и да изберат информации поврзани со критичната инфраструктура и поврзаните ранливости. Оваа цел задолжително мора да биде поддржана со целосно и доследно почитување на човековите права и слободи.

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3 – ГОНЕЊЕ

**Основната цел** на вториот стратешки приоритет е спречување на терористички напади на територијата на Република Северна Македонија. Еден од најефективните начини да се одговори на заканата од тероризмот е да се зајакнат истрагите и сторителите на овие кривични дела да се изведат пред лицето на правдата, да бидат осудени, но и да бидат одвратени од намерата, а истовремено да се испорача правда за жртвите. Успехот на националната стратегија ќе се препознае и во начинот на кој полицијата и обвинителството ќе ги обезбедат доказите за ваквите кривични дела, а особено во навремените пресуди за сторителите, кои превентивно ќе дејствуваат спрема други лица потенцијални извршители.

Потребно е јакнење на капацитетите за надворешна контрола и надзор врз работењето на безбедносните служби, со цел професионалците и граѓаните да се уверат дека системот функционира и дека се преземаат потребните мерки за гонење, пронаоѓање и фаќање на сторителите на кривични дела поврзани со насилен екстремизам и тероризам.

## *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.1 – ОТКРИВАЊЕ, ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ГОНЕЊЕ НА СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ПОВРЗАНИ СО ТЕРОРИЗАМ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ*

Во Република Северна Македонија постои соодветна законска уреденост на кривичните дела поврзани со тероризам, институциите имаат јасни овластувања и поделеност на надлежностите поврзани со кривичното гонење на сторителите. **Основен предизвик** со кој се соочуваат припадниците на органите за спроведување на законот е **недоволната координација со јавното обвинителство**. Во таа насока, стратегијата предвидува активности за допрецизирање на активностите на различните институции и особено ја поттикнува соработката која треба да биде постојана, целосна, навремена и да ги поддржува сите законски решенија за гонење на сторителите на кривични дела поврзани со тероризам.

Финансирањето на тероризмот е дополнителен предизвик со кој се соочуваат сите општества, а во нашата држава се следат и воглавном почитуваат светските стандарди за контрола и следење на финансиските пазари, на трансферот на пари, сомнителните трансакции итн. И во овој дел, националната стратегија реферира на НССППФТ.

Надлежните институции треба да подготват упатства доколку во некои ресори недостасува јасен пат, но и да ги развијат постојните правила и процедури, со цел да одговорат на променетите услови на финансиските текови. Терористите се финансираат преку добро организирани меѓународни канали и затоа одговорот треба да биде координиран, да биде сеопфатен и да ги опфати сите аспекти на незаконскиот пренос на средства кои може да се употребат за поддршка на терористите и за подготовка на терористички активности. Во текот на имплементирањето на овие безбедносни протоколи, ќе се применуваат највисоките стандарди за почитување на човековите права и слободи.

> ***НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА УКАЖУВА НА ПОТРЕБАТА ОД НАДОГРАДУВАЊЕ И ДОСЛЕДНО ПОЧИТУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ПОВРЗАНИ СО ТЕРОРИЗАМ, НА НАЧИН И ПОСТАПКИ КАКО ШТО СЕ ПРЕДВИДЕНИ ВО ЗАКОНОТ И ДРУГИТЕ СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ, ВО СОГЛАСНОСТ СО МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА.***

### *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.2 – ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ*

Во изминатите неколку години имавме можност да ги согледаме предностите и силните страни на законската поставеност на работата на институциите. Анализата покажува дека во најголем дел активностите се законски уредени и не постои голема празнина во реалната фактичка состојба и законската уреденост.

Сепак, заради целосно уредување на работата на Националниот комитет, но и за постапките и активностите на различните институции во работата на единствената цел превенција и спречување на тероризмот, потребно е донесување на закон за борба против тероризмот. Научните анализи кои беа подготвени за потребите на оваа стратегија, јасно го лоцираа немањето законско решение за борба против тероризмот како недостаток на системот, а предложената стратешка цел за донесување на таков закон значително ќе ја подобри подготвеноста на институциите за борбата против тероризмот, за забрзување на постапките за гонење и судење на лицата поврзани со терористички активности и ќе овозможи засилен развој на целиот систем за одговор. Без соодветен закон ќе продолжат досегашните активности, ќе продолжи и развојот и напредокот на одговорот кој државата го има за заканите од тероризам, но нов закон ќе овозможи вистински, реален и многу корисен напредок кој ќе не стави рамо до рамо со државите кои најуспешно се спротивставуваат на заканите од тероризам. Во првата година по донесувањето на националната стратегија треба да започне постапката за изработка на закон за борба против тероризам.

### *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.3 – НАДОГРАДУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ*

Органите на прогонот, каде носител е Јавното обвинителство се соочуваат со **сериозен недостаток на капацитет** за процесирање на кривични дела поврзани со тероризам. Во јавното обвинителство не постои специјализирано одделение за гонење на овие сериозни кривични дела, потребни се сериозни анализи кои ќе ја потврдат или отфрлат потребата од такво специјализирано одделение, а реално е дека барем неколку јавни обвинители треба да бидат специјално обучени и подготвени да водат истраги поврзани со тероризам.

Покрај во јавното обвинителство, се забележува **значајна потреба од зајакнување на капацитетите** на МВР, во Бирото за јавна безбедност – Секторот за борба против тероризам треба да ги зголеми капацитетите на ниво на реалните потреби за полициско работење поврзано со тероризам, перење пари и финансирање на тероризам.

Република Северна Македонија ќе ги преземе неопходните мерки за да обезбеди ефективни истражни алатки, тие ќе бидат достапни за професионалците, единиците и службите одговорни за истрага или гонење на кривичните дела поврзани со тероризам.

Особено корисна алатка за унапредување на капацитетите на јавното обвинителство, но и генерално на сите вклучени во процесот на водење истраги, гонење и судење за кривичните дела поврзани со тероризам, се заедничките обуки кои може да се спроведуваат во регионот и во Европската Унија. Впрочем, во таа насока се и повеќето директиви и регулативи на Европскиот парламент и на Европскиот совет, кои ја поттикнуваат обуката како еден од најефективните начини за промоција на квалитет и професионализам во постапувањето.

## *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.4 – ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СТРАТЕШКАТА СОРАБОТКА НА ДОМАШНО, РЕГИОНАЛНО И МЕЃУНАРОДНО НИВО*

Соработката помеѓу различните државни органи е предуслов за интегрирање дома, за да може на појасен начин да се одговори на заканите од тероризам. Меѓуинституционалното поврзување, размената на информации, знаење, искуство, имаат извонредно големо значење при креирањето на квалитетни, ефективни политики за одговор на заканите од тероризам. Соработката помеѓу полицијата и безбедносните и разузнавачките агенции е исклучително добра и се спроведува според познатите меѓународни стандарди.

Регионот на Југоисточна Европа е единствена целина по многу прашања. Секако, истото се однесува и на заканите, но и на борбата против тероризмот. Значајни се сите регионални иницијативи, во кои нашата држава учествува и во кои го покажуваме капацитетот на институциите и стратешката посветеност на заштита на државата, преку заштита на регионот и на меѓународната заедница.

Бидејќи заканите се развиваат брзо, тоа е јасен интерес на државата и на нашите сојузници во НАТО за одржување на најблиската можна соработка во справувањето со тероризмот, организираниот криминал и други закани за националната безбедност, сега и во иднина.

Ќе настојуваме да одржуваме длабока и блиска соработка со европски партнери за спроведување на законот, особено сега по потпишувањето на Договорот со ФРОНТЕКС, ќе идентификуваме и ќе преземеме нови можности за зајакнување на нашата безбедност.

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 4 – ОДГОВОР

Подготвеноста подразбира севкупен мултиагенциски одговор на заканите од тероризам. Исто така, тоа подразбира целосен институционален капацитет за одговор на сегашните и идните закани од тероризам.

Секако, конечната цел на сите активности за подготовка на одговорот против тероризмот е намалување на влијанието на терористичките напади врз граѓаните и врз општеството во целина. Подготвеноста подразбира намалување на опсегот во кој оперираат терористите и навремено препознавање на раните фази на радикализација, попречување на подготвителните дејствија и ограничување или спречување на терористички напади.

### *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.1 – НАМАЛУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ТЕРОРИСТИЧКИ АКТИ И ЗАКРЕПНУВАЊЕ ПО ИЗВРШЕНИ ТЕРОРИСТИЧКИ АКТИ*

**Намалувањето на последиците** од терористички акти и **закрепнување по извршен акт** реферира на подготвеноста на државата да ја заштити критичната инфраструктура на начин и постапки кои ќе овозможат брз и енергичен одговор против терористичките активности, непречен пристап на службите за итни повици, отпорност на урбаниот криминал, достапност до изворите и средствата за информирање итн.

Во овој дел особено е значајна превенцијата, но и одредени олеснителни околности може да бидат понудени на лице кое учествува во подготвителни активности или има информации за можна подготовка и извршување на кривично дело поврзано со насилен екстремизам и тероризам. **Ова особено ќе се однесува на лицата кои:**

- **ќе откријат движење и активност** на поединци или групи со терористички намери и
- **ќе споделат информации** со полицијата и другите органи на прогонот, **со цел**:
  - **превенција или намалување на последиците** од планираното кривично дело,
  - **изведување пред суд** на лица вклучени во терористичкиот акт,
  - да помогнат **да се обезбедат докази** за процесирање на кривичното дело и
  - **да се превенира** понатамошна подготовка на кривични дела поврзани со тероризам.

Периодот на закрепнување по извршен терористички акт е исто толку важен како и секоја претходна фаза. Откако се згрижени лицата кои се директно нападнати или загрозени, потребно е враќање во претходната состојба, односно воспоставување на прекинатите комуникации, расчистување на околината, поправка на оштетени објекти и други материјални средства и ресурси. Во периодот на имплементација на оваа стратегија, до 2027 година, **ќе се развива и системот** за управување со кризи, особено преку единствениот европски број **за итни повици Е–112**, чија функционалност допрва ќе ги даде очекуваните резултати.

***ЗАКРЕПНУВАЊЕТО ПО ИЗВРШЕН ТЕРОРИСТИЧКИ АКТ Е МНОГУ ЗНАЧАЕН ПРОЦЕС:***

1. ***ЗГРИЖИ,***
2. ***ВОСПОСТАВИ ГИ НАРУШЕНИТЕ КОМУНИКАЦИИ,***
3. ***РАСЧИСТИ ЈА ОКОЛИНАТА,***
4. ***ПОПРАВИ ГИ ОШТЕТЕНИТЕ ОБЈЕКТИ,***
5. ***ВРАТИ ВО ПРЕТХОДНАТА СОСТОЈБА И***
6. ***ГРАДИ ОТПОРНОСТ.***

### *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.2 – УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР ВРЗ СТОРИТЕЛИТЕ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ПОВРЗАНИ СО ТЕРОРИЗАМ*

**Процесот** на следење на извршувањето на санкциите за лицата осудени за тероризам **треба да биде унапреден**. Еден од основите постулати за работа на оваа стратешка цел ќе биде токму **зајакнувањето на капацитетите на службите** одговорни за извршување на санкциите, преку воведување на нови, ефикасни алатки за следење на однесувањето на осудените лица за време на престојот во казнено-поправните установи (КПУ). Особено ќе го поддржиме процесот на **воведување на разузнавање во** казнено-поправните установи (КПУ), алатка која несомнено ќе придонесе за дополнителна превенција и одвраќање на осудените лица од понатамошни терористички активности по пуштањето на слобода.

Одговорноста на лицата за извршени кривични дела од областа на тероризмот е соодветно утврдена, но постапката за извршување на санкцијата треба да биде унапредена, заради колку што е можно поголема превенција и одвраќање од терористичките идеи и намери и подготовка за нормален живот по истекот на казната.

**Размената на информациите** помеѓу различните агенции за спроведување на законот, разузнавањето, Управата за извршување на санкции и другите агенции или надворешните партнери бараат да се воспостават јасни, строги и транспарентни процедури за почитување на правото на приватност на осудените лица и заштита на нивните лични податоци. **Правилата на ОН** (познати како правила на Нелсон Мандела) бараат досиејата на осудените лица да се чуваат доверливи и да бидат достапни само за оние чии професионални одговорности бараат пристап до ваквите записи, односно, пристапот до ваквите информации мора да биде на строга „потреба да се знае“.

Затворскиот персонал при прием на новите осудени лица на издржување казна затвор, кај кои се забележани знаци на ширење радикализација која води кон тероризам или насилство ќе постапуваат, согласно Стандардните оперативни процедури (СОП) за постапување со осудени лица за кривични дела поврзани со тероризам, притоа придржувајќи се на начелото на почитување на човековата личност и достоинство, зачувување на нивното телесно и душевно здравје, притоа водејќи сметка за остварување на целите на одделни санкции и мерки.

## *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.3 – ПОДДРШКА НА ЖРТВИТЕ НА ТЕРОРИЗАМ*

**Жртвите на тероризам** се многу чувствителна категорија, затоа што штетата од терористичките акти може да биде многу голема и да остави **трајни последици по животот и имотот на граѓаните**. Затоа, државата ќе ги јакне своите капацитети да обезбеди истрага и гонење за сите кривични дела поврзани со акти на насилство и тероризам.

Република Северна Македонија ќе се грижи да обезбеди **услуги за поддршка** кои се однесуваат на **специфичните потреби на жртвите на тероризмот** и ќе ги направи достапни веднаш по терорист напад и онолку долго колку што е потребно. Таквите услуги се обезбедуваат како дополнение или како составен дел од општите услуги за поддршка на жртвите, кои може да ги повикаат постоечките субјекти кои обезбедуваат специјалистичка поддршка, кои се предвидени во новото законско решение за поддршка на жртви на кривични дела. Поддршката секогаш треба да биде внимателно одбрана и да одговара на потребите на секој конкретен случај и на секоја конкретна жртва. Поддршката и услугите кои ќе ги обезбеди државата ќе бидат доверливи, бесплатни и лесно достапни за сите жртви на тероризам. **Тие особено ќе вклучуваат**:

⇒ **Психолошка поддршка**;

⇒ **Совети и информации** за сите релевантни правни, практични или финансиски прашања, вклучително и олеснување на остварување на правото на информирање на жртвите на тероризмот; и

⇒ **Компензација за жртвите**, согласно законот.

Државата ќе се погрижи и за **медицинска поддршка, лекување и третман на жртвите** се додека тоа е потребно. Покрај за директните жртви на тероризам, државата ќе овозможи **поддршка и на семејствата на жртвите**, за да ја олесни позицијата и справувањето со последиците од тероризмот.

Правата на жртвите мора секогаш и во целост да бидат овозможени и почитувани. При определувањето дали и во која мера треба да имаат корист мерките за заштита во текот на кривичната постапка, особено внимание ќе се посвети на ризикот од заплашување и одмазда и на потребата да се заштити достоинството и физичкиот интегритет на жртвите на тероризмот, вклучително и за време на испрашување и при сведочење.

## *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.4 – КООРДИНИРАН МУЛТИАГЕНЦИСКИ ПРИСТАП ЗА ОДГОВОР НА ТЕРОРИСТИЧКИ АКТИ*

**Сите владини и невладини организации, домашни и меѓународни, образовните институции, верските заедници, социјалните служби, академската заедница и сите добронамерни луѓе ќе имаат можност да се вклучат во активностите на координираниот мултиагенциски пристап за одговор на тероризмот, со основна цел заштита од терористички акти.**

Националниот комитет ја има клучната, централна улога во координација на активностите и унапредување на квалитетна и ефективна соработка помеѓу сите надлежни институции. Постигнатото ниво на професионална комуникација, авторитетот и угледот на домашните институции, ја прават Северна Македонија почитуван партнер во меѓународната заедница.

## *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.5 – УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА КОМУНИКАЦИЈА СО МЕДИУМИТЕ И СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ*

**Соработката со медиумите и медиумските работници** во Северна Македонија, потребно е да продолжи да се развива во вистинска насока, користејќи ги сите можности за олеснување на комуникацијата и за заштита на граѓаните преку навремено, соодветно и реално информирање за настани поврзани со тероризам и терористички дела.

**Особено е значајна борбата против лажните вести**. Живееме во свет на лажни вести и затоа вистината треба постојано и во целост да биде соопштувана, а сите лажни наративи, особено наративите поврзани со тероризам, насилен екстремизам, радикализација, потребно е да бидат забележани и против истите да се бориме со квалитетни, официјални, навремени информации.

Државата ќе ги преземе неопходните мерки за да обезбеди **брзо отстранување на онлајн содржините** што претставуваат јавна провокација за извршување на терористички акти, независно дали веста доаѓа од портали регистрирани на територијата на нашата држава или од светските социјални медиуми. Во оваа смисла, се забележува добра и професионална соработка со голем дел од порталите и електронските медиуми, освен со некои светски медиуми регистрирани во други држави со кои и останатите безбедносни служби во светот имаат проблем да ги остварат безбедносните цели и интереси. Националната стратегија ја истакнува потребата медиумите и одговорните за информатичка писменост да се справат со предизвиците кои се појавуваат во онлајн просторот, но и да работат на развој на контра наративи.

Отстранувањето и блокирањето на онлајн содржините без јасен процес, соодветните заштитни мерки и ефективните правни лекови ги загрозуваат човековите права и слободата на изразување, и може да ги поттикне насилниот екстремизам и радикализацијата која води кон тероризам и да предизвика активност на интернет, на VPN мрежите, кои се над опсегот на традиционалните капацитети за надзор, со цел да се ограничи оперативната ефективност на мерките за превенција и справување со употребата на интернет во терористички цели. Затоа, мерките за борба против тероризмот кои не ги штитат човековите права ќе бидат контрапродуктивни и можат да доведат до сериозни последици за безбедноста.

Соодветно внимание ќе биде посветено на заштита на лицата од произволно или незаконско мешање во правото на приватност, кое вклучува право на приватност на информациите за идентитетот на поединецот, како и неговиот приватен живот.

Државата може да побара одредена содржина со повикување на терористички активности да биде повлечена и блокирана на интернет, но само во исклучителни ситуации и кога тоа е неопходно за заштита на националните интереси на безбедноста и заштитата од сериозни форми на криминал. Мерките за отстранување и блокирање мора да бидат спроведени според транспарентни процедури и да обезбедат соодветни заштитни мерки, особено за да се осигури дека тие мерки се ограничени само на она што е неопходно и пропорционално и дека корисниците се информирани за причината за тие мерки. Заштитните мерки кои се однесуваат на отстранување или блокирање, исто така, ја вклучуваат можноста за поведување на судска постапка против лицата кои ги произвеле и пласирале таквите информации.

## ПРИОРИТЕТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

Приоритетите за реализација се подготвени во согласност со Акцискиот план за имплементација на Националаната стратегија за борба против тероризмот 2023-2027 година. Во таа смисла, **за приоритетни активности** за реализација **ги определуваме**:

1. Развој на сеопфатен систем за обуки (основни и напредни) за полициски службеници, царински службеници, припадници на МО - СВБР и Армијата, вработени во КПУ и ВПД и други професионалци од органите за спроведување на законот, а насочени кон превенирање на закани од тероризам и радикализација.

2. Унапредување на активностите поврзани со постојните и воведување на нови оперативни акциии заради успешно следење на тековите и превенирање на заканите од тероризам.

3. Развој и унапредување на соработката на трите основни столба за превенирање на заканите од тероризам:

   - Меѓусекторска соработка;

- Меѓуресорска соработка; и
- Меѓународна соработка.

4. Имплементација на Модулот за Евиденција на Инциденти, Документи, Активности (МЕИДА) односно Полицискиот информациски систем за евидентирање и документирање на инциденти поврзани со оружје.

5. Идентификација на критичната инфраструктура и изготвување на карта на критична инфраструктура.

6. Подготовка на Процена на загрозеност на безбедноста на државата од сите ризици и опасности.

7. Донесување на стандардни процедури за пристап и користење на класифицирани информации и гаранција за заштита од манипулации и незаконско изнесување, користење и злоупотреба на класифицираните информации.

8. Започнување на постапка за изработка на Закон за борба против тероризмот.

9. Воспоставување на мрежа на редовна оперативна размена на информации и податоци на национално и меѓународно ниво со цел следење на терористички групи, организации и поединци, како и координирана соработка и учество во меѓународни операции, акции и заеднички истраги за сузбивање на тероризмот.

## МОНИТОРНИГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Следењето и известувањето за имплементацијата на стратегијата и акцискиот план го спроведува Националниот комитет во соработка со надлежните државни органи. Релевантните граѓанските здруженија и меѓународни организации се партнер во спроведувањето на активностите предвидени со Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за борба против тероризмот 2023 – 2027.

Реализацијата на целите од оваа стратегија ќе биде финансиски поддржана од буџетите на државните институции. Државните субјекти се упатени кон воспоставување соработка за користење дополнителна финансиска, експертска и институционална поддршка од фондовите на ЕУ, ОБСЕ, ОН и други меѓународни организации.

Националниот комитет врши координација на процесот на остварување на стратешките цели од Националната стратегија, како и усогласување на активностите со останатите стратешки документи. Воедно комитетот го следи спроведувањето на Акцискиот план на оваа стратегија и дава препораки до Владата на РСМ за преземање соодветни мерки во случај на неспроведување или тешкотии во спроведувањето.

Следењето на стратегијата подразбира собирање податоци за степенот на реализација на активностите и на утврдување на евентуалните ризици кои можат да произлезат од нереализирани активности или од неостварените резултати. Во одредени ситуации се мери и влијанието на одредени мерки и активности врз промената на ситуацијата (преку соодветно и објективно претставување на индикаторите за успешност).

При подготвување на извештаите ќе се имаат во предвид следните начела: концизност и јасност; релевантност; објективност, како и информациите да бидат квантитативно и квалитетно изразени.

Координативното тело на седница на Националниот комитет, ќе го презентира годишниот извештај за степенот на реализација, показателите за успешност и пречките во остварувањето на стратешките цели.

На секои две години независни консултанти прават анализа на прогресот на имплементација на стратешките цели и извештајот го доставуваат до Националниот комитет.

**Национална стратегија за борба против тероризмот**

**2023-2027**